Прашања и одговори од инфо сесија за јавен повик за предлог проекти во рамки на проектот„Од несвесни за различностите до трансформативни локални заедници кои ја препознаваат различноста и инклузивната еднаквост“.

Прашање бр. 1: Дали експертите во предлог проектот може да бидат актерите (во случај каде проектот е драмска претстава) кои што се дел од претставата а сите други вклучени во подготовката на претставата да се дел од човекови ресурси?

Одговор: Господинот Лулзим одговори дека актерите може да бидат дел од експертскиот тим ако се приложи соодветната документација, и даде позитивен одговор околу човековите ресурси.

Прашање бр. 2: Што треба да се направи за активностите да се поврзани со општините нагласени?

Одговор: Да се обезбеди соработка со соодветната општина на регионот каде што се имплементира проектот, односно да се потпише писмо за поддршка од општината или меморандум на соработка и активностите да се за поврзани со развој на општината.

Прашање бр. 3: Која е временската рамка на проектите и кога може да започнат проектните активности?

Одговор: Временската рамка на проектните активности е од 3 до 6 месеци и проектите треба да завршат до најдоцен рок крај на Октомври бидејќи краен рок на целосните проектни активности е Декември 2025.

Прашање бр. 4: Дали може активностите да бидат спроведени за време на светските денови за лица со попреченост или периоди на прославување на граѓанскиот активизам?

Одговор: Да може се додека се следи временската рамка за крај на активностите односно крај на Октомври месец 2025.